*МАКЕДОНИЈА*

# ЗНМ: Срамна одлука на Апелацискиот суд Скопје на штета на истражувачкото новинарство

Објавено пред **2 недели** - 29 мај, 2023
Од **Макфакс**





Во сообраќајна несреќа за
Трит Вилијамс




Советот на Апелацискиот суд Скопје, составен од судиите Гордана Ѓорчева, претседател на Советот, Суад Алиу и Влатко Самарџиски, членови на советот, донесе срамна одлука на штета на слободното новинарство против колегите од Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ), реагираат од Здружението на новинарите на Македонија.

Дознај прв!



Овој суд, додаваат од таму, ја укинува пресудата на Основниот граѓански суд Скопје во корист на новинарите и повторно го враќа на судење предметот во кој поранешниот вицепремиер Кочо

Анѓушев ги тужи Сашка Цветковска и ИРЛ.

Ваквиот вид одлуки на судиите од Апелацискиот суд Скопје и генерално ваквата лоша судска пракса, според ЗНМ, негативно се одразува на слободата на изразување и поттикнува самоцензура, особено ако се земе предвид дека тужбата е приватна, тужителот е економски моќник, а во претходниот владин состав и заменик на претседателот на Владата.

„Важно е да се истакне дека ваков вид тужби служат да се предизвика заплашување и потенцијално финансиско исцрпување на тужените новинари. Укажуваме дека вообичаено целта на овој вид тужби не е да се заштити личниот углед, туку да се малтретираат тужените со цел да се демотивираат или да се откажат од јавна критика. Овој вид тужби се познати како стратешки тужби за спречување јавно учество (SLAPP) и за нив Советот на Европа креира препораки до членките држави како тие да се превенираат зошто може да го нарушат правото на информирање на граѓаните.

Дополнителен проблем во врска со овој случај е вчерашниот груб обид за јавна дискредитација од страна на Секторот за односи со јавноста и за маркетинг на „Феро инвест“ ДОО Скопје, кој во соопштение до медиумите сподели свое толкување за овој судски случај. Тие во објавата, која беше пренесена од страна на неколку медиуми, се ставаат во улога на суд, прејудицираат идна судска одлука и служејќи се со навреди кон колешката Цветковска, велат дека таа „ја злоупотреби својата положба на новинар, што е тешка повреда на Законот за медиумите и на основните новинарски начела“.

На овој начин може да се протолкува дека „Феро инвест“ прави дополнителен притисок врз Основниот граѓански суд, кој повторно треба да постапува по приватната тужба на Анѓушев кон новинари и, второ, се прави обид да се влијае на јавноста во полза на тужителот на штета на слободата на изразување“, се истакнува во соопштението од ЗНМ.

Потсетуваат дека ИРЛ за оваа сторија ја доби првата награда на тема „Справување со загадувањето на воздухот – зајакнување на јавната свест за проблемите и можните решенија“ во избор на Здружението на новинарите на Македонија, а во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). „Освен ова, Советот на честа при ЗНМ на 23 мај 2021 година ја одби претставката на Анѓушев за наводно прекршување на Кодексот на етиката на новинарите и констатира дека со оваа сторија биле обезбедени информации и докази достапни за авторите на истражувачката сторија, со што не е прекршен членот 1, а со објавување на демантот и со понудата да се сними изјава на Анѓушев нема прекршување ни на членот 3 од Кодексот на новинарите на Македонија“.

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници (ССНМ) за ова решение на Апелацискиот суд Скопје ќе ја извести Европската федерација на новинарите (ЕФН), каде што се членки, и ќе укаже дека станува збор за притисок преку судот на слободното новинарство. Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) исто така за случајот ќе ја извести Мрежата на независни совети за медиумите во Европа (AIPCE), каде што СЕММ е членка.

Like Share Tweet

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

**ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ:** #ТОП-ТЕМА

ПРЕТХОДНО
**СДСМ: Мицкоски да не бега, туку да каже што одлучи: за ЕУ или за Левицата?**

СЛЕДНО
**Ковачевски му ја честита победата на Ердоган: Продолжуваме да го развиваме**

НАЈНО


МАКЕДОНИЈА /
**Заврши над: што исксаса Пинтија: нем социјализир иднината ќе**


МАКЕДОНИЈА /
**Петровска – Северна Ма 10-годишен соработка в**


МАКЕДОНИЈА /
**Вработените јавни прихо состојбата с од поразите**

**традиционалното пријателство**

---

*БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...*



**(Видео) Со часови блокиран центарот на Нотингем поради сериозен инцидент:**




**Украле пари од возило на гостиварец, приведени тројца тетовци**



**Берлускони почина: се назира раздор во кабинетот на Мелони**

**Кој ќе го наследи Бускетс? Чави го активира „Планот Ц“**

**Првиот одмор на 27-годишен англичанец се претвори во пекол: Удрил со**

**Монтела ќе биде новиот тренер на Фенербахче**

---

*МАКЕДОНИЈА*

# Општина Аеродром изготвува втора верзија на ДУП за дел од населбата Лисиче: прифатени некои од забелешките

Објавено пред **1 час** - 13 јуни, 2023
Од **Макфакс**

Во Општина Аеродром веќе тече постапката за ревидирање на првата и изработка на втора ревидирана верзија на Деталниот урбанистички план за дел од населбата Лисиче. Комисијата за урбанизам во општината ги разгледа и прифати најголем дел од забелешките кои граѓаните ги доставија во рамки на јавната анкета, информираат од општината.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

*МАКЕДОНИЈА*

# Заврши надзорот на кучињата што искасаа дете до смрт во Пинтија: немаат беснило, социјализирани се – за иднината ќе се одлучува

Објавено пред **2 часа** - **13 јуни, 2023**
Од **Кристијан Ландов**

Заврши надзорот на кучињата кои нападнаа осумгодишно дете од скопската населба Пинтија, кое почина поради тешките повреди. Од Агенцијата за храна и ветеринарство за „Макфакс“ посочуваат дека двете кучиња немале беснило, а го поминале и тестот за социјализација. Натамошната постапка ќе треба да ја заврши Обвинителството. Кучињата се од расата „булмастиф“, а АХВ ги презема на контрола пред два месеци, период во кој трипати биле испитувани за болеста беснило.

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

*МАКЕДОНИЈА*

# Петровска – Остин: САД и Северна Македонија склучија 10-годишен патоказ за соработка во одбраната

Објавено пред **2 часа** - 13 јуни, 2023
Од **Макфакс**

Министерката за одбрана Славјанка Петровска и секретарот за одбрана на САД, Лојд Остин по средбата во Пентагон ги поставија темелите за развој на одбранбената соработка помеѓу сојузниците – Северна Македонија и САД, за следните десет години.

Дознај прв!

RSS МАРКЕТИНГ ИМПРЕСУМ КОНТАКТ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Copyright © 2018 - Member of IAB Macedonia